**Република Македонија**
**Н О Т А Р**
*БОРИВОЈ СТОЈКОСКИ*
*за подрачјето на основните*
*Судови на градот Скопје*
ул„Трифун Хаџијанев„бр.1
2011.05.27.
/двеилјадииединаестагодина, месец мај, ден дваесетиседми/

**Книга бр.7**
**ОДУ бр.334/2011**

**Извод**

Јас Нотар, Боривој Стојкоски од Скопје ул.„Трифун Хаџијанев„ бр.1, на ден 27.05.2011 година (дваесетииседми , месец мај, двеилјадииединаести година) по барање на извршниот директор на МАКСТИЛ АД Скопје Александар Панов од Скопје присуствував на Собранието на акционери на МАКСТИЛ АД Скопје .--------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Откако утврдив дека се исполнети условите за преземање на ова службено дејствие врз основа на на член 73 од Законот за нотаријатот го составив следниот-----------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------**ЗАПИСНИК** ------------------------------------------

Од годишното Собрание на Макстил АД Скопје со седиште на ул.16 та Македонска Бригада бр.18 , кое се одржа на ден 27.05.2011 година (дваесетиседми , месец мај, двеилјадииединаести година) во просториите на друштвото .------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието започна со работа во 12 часот (дванаесетчасот ) со отварање на собранието од страна на претседавачот Славица Чикова.-------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
На Собранието според верификациониот список на присутните акционери и акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност потпишан од секој акционер , односно полномошник на акционерот констатирав дека присуствуваат представници со право на глас што ги даваат обичните акции содржани во основната главница на друштвото во вкупен број 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови според акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 26.05.2011 година.-------------------------------------------------------------------------------------------------
Јас во својство на Нотар извршив верификација на уредно пријавените и присутни акционери врз основа на нивните лични исправи.-----------------------
Претседавачот Славица Чикова констатира дека се исполнети Статутарниот и Законскиот услов за гласање и одржување на седницата .---------------------------------
Претседавачот предложи записникот да го води Нотар Боривој Стојкоски од Скопје со седиште на ул.Трифун Хаџијанев бр.1 согласно Законот за трговски друштва (Сл.Весник бр.28/2004 година ).-------------------------------------------------
За председавач на собранието беше предложена Славица Чикова ---------------------

По извршеното гласање се утврди дека за кандидатот Славица Чикова гласале сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови.------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието предложи да се изберат бројачи на гласови и ги предложи лицата Елена Прличкова и Зора Димитровска.Предложените бројачи на гласови едногласно беа избрани од присутните акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови .--------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието го затвори процедуралниот дел и го отвори работниот дел на собранието. -----------------------------------------------------------------

За работа на собранието предложен е и усвоен следниот-----------------------------------

------------------------------------------- **ДНЕВЕН РЕД** -------------------------------------------

**I.Процедурален дел** ---------------------------------------------------------------------------

-Избор на претседавач на Собранието--------------------------------------------------------

-Избор на бројач на гласови---------------------------------------------------------------------

-Записникот ќе го води Нотар--------------------------------------------------------------------

**-II.Работен дел**--------------------------------------------------------------------------------------

-1.Усвојување на записникот од предходната седница на Собранието на акционерите ;-----------------------------------------------------------------------------------------

2.Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и разгледување на извештајот на овластениот ревизор за деловната 2010 година;-------------------------------------------------------------------------------

3.Разгледување и донесување Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори (оваа расправа е поврзана со претходната точка од дневниот ред);------------------------------

4.Донесување на Одлука за распоредување на нето добивката по годишната сметка за 2010 година ---------------------------------------------------------------------------------

5.Донесување на Одлука за отповикување на член на Одборот на директори.--------

6.Донесување на Одлука за озбор на член на Одборот на директори-------------------

7.Донесување на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2011 година.-------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1 (еден)По првата точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието ги запозна присутните со записникот од претходното Собрание и отвори расправа по истиот.- Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собранието записникот го стави на гласање .--------------------------------------------------------------------------------

За усвојување на записникот гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------------

По гласањето Претседавачот констатира дека Записникот од предходното Собрание е усвоен .---------------------------------------------------------------------------

2 (два ) По втората точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието му даде збор на генералниот директор на МАКСТИЛ АД Скопје Александар Панов. Генералниот директор истакна дека изминатата 2010 год. беше година на бројни предизвици и од тие причини годината ја почнавме претпазливо, свесни за потешкотиите во кои се најде не само македонската, туку и светската економија. Претпазливоста беше основана, бидејќи претходната 2009 година беше една од најтешките, не само за нашата компанија, туку и за глобалната челична индустрија. Во изминатата 2010 година, со цел постигнување на оперативниот план, компанијата се фокусираше на три полиња:------------------------------------------------
-Максимално искористување на челичниот полуфабрикат и постигнувањето на поголем извадок како апсолутен императив на сите вработени во текот на годината;--------------------------------------------------------------------------------------
-Рационализација на трошоците и процесите, и-------------------------------------------
-Максимизирање на приходите од продажбата во услови на нестабилност на пазарот на челик.-------------------------------------------------------------------------------
Како резултат на мерките преземени од компанијата, но и на подобрените оперативни услови, забележавме зголемување на производството, и на контилеан слаб и на топловалан дебел лим.----------------------------------------------------------------
Оперативниот план, поставен на почетокот на годината на ниво адекватно на неизвесните услови кои во тој момент доминираа на пазарот, во текот на годината беше ревидиран. Компанијата во целост го исполни и ревидираниот ОП.-------------
Производството на контилеан слаб го зголемивме за 7.9%, одн. произведени се речиси 292 илјади тони челичен полуфабрикат во однос на 2009 год. Притоа, производството на првата класа е зголемено за 4.2 процентни поени, во споредба со минатата година, при остварен незначително помал извадок (флеман) слаб – старо железо од 0.2 процентни поени. ----------------------------------------------------------
Производството на топловалани дебели лимови достигна повеќе од 317 илјади тони, што претставува зголемување од 4.8%, во споредба со 2009. Од вкупното производство, 306 илјади тони односно 96.4% изнесува учеството на првата класа, за половина процентен поен повеќе во однос на 2009 год. Остварениот вкупен извадок „дебел лим од слаб“ во 2010 изнесува 87.71% и бележи зголемување од половина процентен поени споредено со 2009 кога изнесуваше 87.25%.--------------
Би сакал да напоменам дека постигнатиот обем на производство сеуште не е на нивото на рекордната 2007 година, но влева оптимизам и е показател за способноста на компанијата да постигнува добри резултати и во неизвесни и променливи услови на работење. ---------------------------------------------------------------
Обемот на продажба во текот на 2010 е зголемен во споредба со претходната година за 15.4% и изнесува 331 илјади тони.-----------------------------------------------
Понатаму оддаде големо признание на вработените за постигнување на резултатите во 2010 година. Тие се највредната „актива“ на нашата компанија без чија макотрпна и посветена работа постигнатите резултати не би биле можни. Посебно сме горди што резултатите ги постигнавме со намален број на индустриски повреди на работното место, за што секако придонесува повисоката свест за

значењето на индустриската безбедност и инвестициите во оваа сфера. Во извештајниот период вкупниот број на вработените во компанијата се намали од 1080 на 996 извршители како резултат на рационализација на одредени процеси, корпоративната политика и природниот одлив. Тоа беше една од принудните мерки која што менаџментот ја превзема за рационализација на трошоците во компанијата.------------------------------------------------------------------------------------------

Дозволете ми да ве информирам дека и покрај потешкотиите кои беа резултат на светската финансиска и економска криза, Макстил АД Скопје и во 2010 година продолжи со реализација на нови инвестициони зафати.----------------------------------

Меѓу инвестициите би ги издвоил:----------------------------------------------------

заокружувањето на активностите за инсталирање на новиот систем за регулација на електродите;--------------------------------------------------------------------------------------------

замената на постојниот трансформатор на електролачната печка со трансформатор со поголема снага, како и изградбата на трансформаторската потстаница;------------

-редицата помали по висината на вложувањата зафати кои придонесоа за зголемување на енергетската ефикасност и подобрување на квалитетот на нашите производи;-------------------------------------------------------------------------------------------

имплементација на ниво – 2 со цел обединување на поединечните системи (АГЦ, Х -мерач, дескалација, линеали, ниво – 1 од ПП – 1 и ПП – 2) со конекција и компатибилност со ГИИС системот како ниво – 3;------------------------------------------

-подготвителни активности за изготвување на елаборат/анализа на можности и потреби за подобрување на перформансите на електро печка (од 14 на 17 шаржи на ден);---------------------------------------------------------------------------------------------------

-подготвителни активности за подобрување на перформансите на ливните машини и тоа: (проширување на димензионалниот асортиман на слабовите и лимовите, зголемување на металниот извадок и рационализација на трошоците за енергенси).-

Во текот на овој период во Макстил АД беа реализирани поголем број на активности од областа на целосна финансиска подршка на спортското друштво Металург, односно неговиот машки и женски ракометен клуб и фудбалски клуб во меѓународните натпревари (со сениорски, младински и пионерски селекции со кои се опфатени преку 300 деца од околните населби и пошироко), карате клубот Металург, македонската национална фудбалска и ракометна репрезентација. Макстил АД Скопје беше покровител и на манифестации како Шарпланинскиот куп, културната манифестација Галичка свадба, настапот на Лондонската филхармонија, настапот на пијанистот Симон Трпчевски и оркестарот на Бољшој театар од Москва, а беше доделена и финансиска подршка на градот Охрид за промоција на неговите туристички капацитети. Беа поддржани и други активности од областа на образованието, културата и науката. Би требало да се напомене дека и покрај сложените услови на стопанисување нашата компанија во континуитет посветува внимание на имплементација на мерки, активности и содржини, согласно основните принципи на корпоративното одговорно општествено работење, а нашата исклучителната ангажираност беше потврдена низ бројните општествени признанија, меѓу кои би ги навеле оние од Министерството за

економија, Националното тело за општествена одговорност на претпријатијата, од Невладината организација Транспарентност нулта корупција и од Стопанската комора на РМакедонија.-------------------------------------------------------------------------

По излагањето на генералниот директор Александар Панов претседавачот на Собранието Славица Чикова збор му даде на Митко Кочовски директорот за стратегија и план кој истакна дека остварените вкупни приходи во извештајниот период изнесуваат 5.899.364.261,50 денари и се за 31% повисоки од 2009 год. Во нивната структура доминантно е учеството (дури 98,5%) на приходите од продажба , што е за 1,2 структурни поен повисоко споредено со минатата деловна година.---

Испораките по сите основи беа 331.440,943 т. топловалани дебели лимови, што претставува зголемување од 15,4%. Притоа во нивната структура сопствените продажби на домашниот пазар изнесуваат 30.903,8 т. и учествуваат со 9,3% (1.817,6 т. одн. 6,2% повеќе од истиот период минатата година и намалено структурно учество од 0,8 структурни поени), извезените количини изнесуваат 56.613,7 т. (15.038,6 т. одн. 36,2% повеќе и зголемено структурно учество од 2,5 структурни поени), испораките по основ на договори за преработка на допремени слабови изнесуваат 50.080,6 т. (25.879,4 т. одн. 34,1% помалку и намалено структурно учество од 11,3 структурни поени) и испораките по основ на договори за преработка на допремено старо железо 193.517,767 т. (53.678,9т. одн. 38,4% повеќе и зголемено структурно учество од 9,7 структурни поени).-------------------------------

Приходите од услуги (пескарење), продажби на отпадни материјали и нус производи и префактурираниот железнички превоз изнесуваат 439.059.137,50 денари, што претставува само 7,5% од приходите од продажби, односно 7,4% од вкупните приходи и истите бележат зголемување од 128.589.022 денари одн. 41,4% во споредба со минатата година кога нивното учество во структурата на приходите од продажби изнесуваше 7,1%, односно во структурата на вкупните приходи 5,3%.

Би требало да се истакне дека растот на приходите од продажби, како и на вкупните приходи е остварен при зголемени просечни извозни цени од 484,29 еур/т. постигнати во 2009 на 544,22 еур/т. во 2010 година, како и при зголемени продажни цени на домашниот пазар од 440,96 еур/т. на 477,09 еур/т. во истиот период.-----------------------------------------------------------------------------------------

Во извештајниот период се остварени останати деловни приходи (дополнително утврдени приходи од минати години, наплатени штети и други вонредни приходи) во износ од 48.953.882,50 денари, што претставува намалување од 8,7% во споредба со истиот период од минатата година и кои во вкупните приходи учествуваат со 0,8% (0,37 процентни поени помалку споредено со минатата година), како и приходи по основ на камати и курсни разлики во износ од 31.409.143,50 денари, што претставува намалување од 35,2% во однос на минатата година. Структурното учество на оваа категорија приходи е сепак незначително и без посериозно влијание врз висината на остварените приходи во извештајниот период.------------------------------------------------------------------------------------------

Вкупните расходи изнесуваат 5.841.993.703,50 денари и истите се поголеми од споредбениот минатогодишен период за 26,9%. Доминантна ставка на страната на расходите со оглед на карактерот на дејноста се материјалните трошоци со износ од 4.717.623.109,00 денари или 81%. Логично, трошоциите за суровини и материјали (4.276.649.370,50 денари) се носечка трошковна ставка со учество од 73,2% во структурата на вкупните расходи и раст од 32,6% споредено со минатата година при зголемено структурно учество за 2,5 структурни поени кај материјалните трошоци односно зголемено структурно учество за 3,2 структурни поени кај суровините и материјалите. Старото железо (1.397.728.390,00 денари) со оглед на учеството во структурата на суровините и материјалите (29,6%) претставува и натаму најзначајна трошковна ставка и истата бележи значително зголемено структурно учество кај трошоците за суровини и материјали за 10,9 структурни поени што во основа е резултат и на повисоката просечна цена во извештајниот период од 12.615,71 денари поголема за 34,8% споредено со претходната година.------------------------------------------------------------------------------

Од останатите трошковни позиции услугите (транспортни и комуникациски, тековното одржување, закупнините на деловен простор, услугите од други надворешни субјекти, учеството на одредени саемски манифестации и сл.) претставуваат позабележителен износ (438.597.590,50 денари) и учество од 7,5% во структурата на вкупните расходи. Износот е поголем за 16,7% во споредба со минатата година, а неговото структурно учество е помало за 0,7 структурни поени.

Трошоците за вработените изнесуваат 314.329.624,00 денари и во вкупните расходи учествуваат со 5,4%, што претставува намалување на износот во споредба со минатата година за 4,3%, односно намалено учество во структурата на вкупните расходи за 1,8 структурни поени. Просечниот број на вработени при тоа изнесуваше 993, што споредено со 2009 кога тој број изнесуваше1.080, претставува намалување на бројот на вработените од 7,8%. Исплатената просечна плата во 2010 е 18.125,00, што споредено со 17.171,00 во 2009 претставува зголемување од 5,5%.-

Амортизацијата со оглед на книговодственото активирање на новите инвестициони зафати бележи износ од 242.078.543,50 денари и учество од 4,1% во структурата на вкупните трошоци што претставува зголемување од 15,7% споредено со минатата година и намалено структурно учеството за 0,4 стуктурни поени.---------------------

Значително учество во структурата на вкупните расходи (7,3%) и пад за 0,9 структурни поени во споредба со истиот период минатата година бележат останатите трошоци од работењето со износ од 423.451.220,50 денари и зголемување за 13,3% во кои половината се платените трошоци за железнички возарини за Duferco кои се после тоа рефундирани и искажани на страната на приходите.----------------------------------------------------------------------------------------

Ангажираните средства во залихи на почетокот на годината изнесуваат 509.510.305,00 денари бележат зголемување на износот за 103.642.367,00 денари, а на крајот на годината 460.207.502,00 денари намалување на износот за 49.302.620,50 денари.------------------------------------------------------------------------

Бруто добивката за 2010 изнесува 8.070.742,00 денари односно 6.799.620,00 денари намалена за пресметаниот данок и непризнатите трошоци во даночниот биланс.-----
Вкупната вредност на имовинските позиции во билансот на состојбата (5.737.233.749,00 ден) бележи зголемување од 5,6% споредено со претходната година (5.432.625.000,00 ден), која кај постојаните средства (3.788.097.652,00 денари) е помала за 4,4% и покрај зголемувањето на вредноста кај сите позиции, со исклучок на инвестициите во тек, како логичен епилог на заокружувањето на активностите поврзани со вториот инвестиционен циклус, а кај обртните средства (1.940.193.991,00 ден.) поголема за 32,5% (1.464.245.653,00 ден.) првенствено заради зголемените побарувања од купувачите и зголемените побарувања за поврат на ДДВ во извештајниот период.--------------------------------------------------------------
Како активни временски разграничувања кои се однесуваат на однапред платеното осигурување заради скаденцата септември 2010 - септември 2011 се искажани 18.942.106,00 денари и истите бележат зголемување од 4,3%.----------------------------
Во пасивата на имовинскиот биланс кај капиталот и резервите (1.161.814.100,00 денари) е искажано зголемување на вредноста за 0,6% како резултат на намалувањето на вредноста на пренесената загуба од минати години за износот на остварената добивка (6.799.620,00 денари) во извештајниот период.--------------------
Долгорочните и краткорочните обврски (4.571.337.357,00 денари) бележат зголемување од 7,4% при што обврските по основ на долгорочни заеми и кредити (1.029.541.495,00 ден.) се поголеми за 1,1%, додека краткорочните обврски по сите основи (2.298.514.694,00 ден.) се поголеми за 7,8%.---------------------------------
Како краткорочни обврски кон "Duferco" и натаму се водат 1.684.225.494,00 ден. кои тој ги превзема од старите доминантни сопственици со договорот за купопродажба на акциите, што му дава една специфична особеност на краткорочната задолженост на претпријатието. De facto, овој износ од самото превземање на управувачките права од страна на Duferco за Макстил претставува долгорочен бескаматен извор на финансирање. ---------------------------------------------
Обврските по примени аванси од купувачите (296.999.616,00 ден.) се значително намалени (за 29,2%), додека обврските спрема добавувачите (918.241.825,00 ден.) бележат пораст од 39%. Неисплатената пресметана плата за м.декември 2010 како обврска спрема вработените е 25.920.129,00 денари .-----------------------------------------
Краткорочните обврски за даноци и придонеси се 2.119.598,00 ден. и истите бележат зголемување од 28,6% во однос на критичниот датум минатата година.----
Предвидените издатоци за кои до критичниот датум за изготвување на пресметката не беа пристигнати фактури и кои се водат како пасивни временски разграничувања се само 4.082 292,00 денари што е незначителен износ во споредба 22.095.710,00 минатата година. ---------------------------------------------------------------
По излагањето на Митко Кочовски претседавачот на Собранието збор му даде на директорот на ревизорската куќа КПМГ Македонија ДОО Скопје Ѓорѓи Чучук кој во кратки црти ги запозна присутните акционери со ревизорскиот извештај при што истакна дека финансиските резултати реално и објективно ја прикажуваат

финансиската состојба на друштвото и паричниот тек на годината.По излагањето на Горѓи Чучук бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собранието предлог Одлуката за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и ревизорскиот извештај и одобрување на работата и водењето на работата на друштвото ја стави на гласање.За усвојување на Одлуката гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема.--------------------------------------------

Предлог Одлуката за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори.Претседавачот на Собранието ја стави на поединечно гласање:----------------------------------------------

1.За одобрување на работата на членот на одборот на директори на Максил АД Скопје - **Минчо Јорданов** гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------

2.За одобрување на работата на членот **Гоззи Антонио** гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .--------------------------------------------

3.За одобрување на работата на членот **Иван Цветковски** гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .--------------------------------------------

4.За одобрување на работата на членот **Се ргеј Тарута** гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .--------------------------------------------

5.За одобрување на работата на извршниот член **Александар Панов** гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .------------------------------------------

6.За одобрување на работата на извршниот член **Нове Георгиевски** гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .------------------------------------------

7.За одобрување на работата на извршниот член **Мино Дамјановски** гласаа сите присутни акционери кој 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .--------------------------------------------

8.За одобрување на работата на независниот член **Јури Василев** гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .------------------------------------------

По гласањето претседавачот на Собранието констатира дека Одлуката е донесена. -
------------------------------------------------------------------------------------------------

4.(четири) По четвртата точка од дневниот ред претседавачот на Собранието ги запозна присутните акционери со предлог Одлуката за распоредување на нето добивката по годишната сметка за 2010 година и отвори расправа.--------------------

Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собранието предлог Одлуката ја стави на гласање.За донесување на Одлуката гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема.---------------------------------------------

По гласањето претседавачот на Собранието констатира дека е донесена Одлуката за распоредување на нето добивката.------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------
5 (пет ) По петтата точка од дневниот ред претседавачот на Собранието ги запозна присутните акционери со предлог Одлуката за отповикување на членот на Одборот на директори на Макстил АД Скопје Нове Георгиевски дипл.инжинер-технолог од Скопје поради престанување на мандат и отвори расправа.--------------------------------
Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собранието Одлуката ја стави на гласање.За гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------------------------
По извршеното гласање претседавачот на Собранието констатира дека Одлуката е донесена со која членот на Одборот на директори на Макстил АД Скопје г-дин Нове Георгиевски се отповикува.--------------------------------------------------------------------
6.(шест) По шестата точка од дневниот ред претседавачот на Собранието ги запозна присутните акционери со предлог Одлуката за избор на член на Одборот на директори на г-дин Нове Георгиевски и отвори расправа.----------------------------------
Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собранието предлог Одлуката ја стави на гласање.--------------------------------------------------------------------
За донесување на Одлуката гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------------
По извршеното гласање претседавачот на Собранието констатира дека е донесена Одлука со која за член нна Одборот на директори на Макстил АД Скопје е избран г-дин Нове Георгиевски.------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------
7.(седум) По седмата точка од дневниот ред претседавачот на Собранието ги запозна присутните акционери со предлог Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2011 година отвори расправа.-------------------------------------------------------------------------
Бидејќи никој не се јави за дискусија претседавачот на Собранието предлог Одлуката за избор на овластен ревизор-ревизорска куќа КПМГ Македонија ДОО Скопје ја стави на гласање.-------------------------------------------------------------------
За донесување на Одлуката гласаа сите присутни акционери кој поседуваат 9.127.527 гласови или 62,42 % од вкупниот број 14.622.943 гласови, против и воздржани нема .-----------------------------------------------------------------------------------
По извршеното гласање претседавачот на Собранието констатира дека е избрана ревизорската куќа КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека со оваа точка е исцрпен дневниот ред и го затвори Собранието.--------------------------------------------------------------------------------------
Седницата заврши со работа во 13,00 часот.----------------------------------------------------
Овој записник е прочитан на претседавачот на седницата.------------------------------------

Претседавач Славица Чикова од Скопје---- Славица Чикова ------------
Составаен дел на записникот се :----------------------------------------------------------------------
Јавен повик за одржување на Собранието , Акционерска книга од ден 26.05.2011 година и список на пријавени акционери на Макстил АД Скопје , тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар ---------------------------
Записникот е составен на 10 страни во (4) четири еднообразни примероци од кои два примероци за друштвото , еден за упис во трговскиот регистар и еден за архивата на нотарот.-------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарска такса по тарифен број 32 од Законот за судски такси и член 144 точка 4 од ЗН, во износ од 500,00 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.-----------------------------------------------------------------------
Нотарска награда по чл.12 од ПНТ авансно е пресметана во износ од 11.500,00 денари и трошоци / денари согласно член 11 од НТ.------------------------------------------
ОДУ бр.334/2011-------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје 2011.05.27.------------------------------------------------------------------------------
Двеилјадиилиединаеста година , месец мај, ден дваесеиседми.--------------------------------

**Нотар,Боривој Стојкоски**